**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД**

**OLIGOGAL® Mg direct, прашок за директна перорална употреба**

**Магнезиум + $Б_1$ + $Б_6$ + $К_2$ + $Д_3$ + Фолна киселина**

**Граничен производ со засладувач**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **OLIGOGAL® Mg direct** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **OLIGOGAL® Mg direct** ?
3.Како да го земате/ употребувате **OLIGOGAL® Mg direct** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **OLIGOGAL® Mg direct**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува OLIGOGAL® Mg direct и за што се употребува?

**Oligogal® Mg Direct,** ***прашок за директна перорална употреба*** е дополнителен извор на магнезиум, витамини Б1, Б6, К2, Д3 и фолна киселина, наменет за спортисти и лица кои се чувствуваат уморно и исцрпено. Магнезиумот и витаминот Д придонесуваат за нормална функција на мускулите и коските. Витамините Д, Б6 и фолатите придонесуваат за нормална функција на имунолошкиот систем. Магнезиумот, тиаминот и витаминот Б6 придонесуваат за нормална функција на нервниот систем. Магнезиумот, витаминот Б6 и фолната киселина придонесуваат за намалување на заморот и исцрпеноста. Тиаминот придонесува за нормална работа на срцето. Витаминот Б6 придонесува кон нормалниот метаболизам на хомоцистеинот и нормално создавање на црвени крвни клетки. Фолатот придонесува за нормален метаболизам на хомоцистеин и нормално создавање на крв.

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите OLIGOGAL® Mg direct

**Немојте да го земате/употребувате OLIGOGAL® Mg direct** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со OLIGOGAL® Mg direct**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.

Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на **OLIGOGAL® Mg direct** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на OLIGOGAL® Mg direct**

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

Препорачаната дневна доза не смеeа да се надминува.

Производот не е наменет за деца под 12 -годишна возраст.

Прекумерната употреба може да предизвика лаксативно дејство.

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате OLIGOGAL® Mg direct**

Возрасни и деца над 12 години: Еднаш дневно, растворете ја содржината на 1 кесичка

директно во устата без додавање дополнителна течност и проголтајте.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на OLIGOGAL® Mg direct**

Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на OLIGOGAL® Mg direct**

Да се чува на суво место на температура до 25 °C.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**

**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 кесичка | % НРВ* | 100 g |
|---|---|---|---|

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Магнезиум (магнезиум-оксид) | 400,0 mg | 107 | 17,8 g |
| Витамин $K_2$ (микрокапсулиран менахинон МК-7) | 45,0 µg | 60 | 2,0 mg |
| Витамин $Д_3$ (холикалциферол) | 10,0 µg | 200 | 0,4 mg |
| Витамин $Б_6$ (пиридоксин-хидрохлорид) | 1,4 mg | 100 | 62,2 mg |
| Витамин $Б_1$ (тиамин-хирдохлорид) | 1,1 mg | 100 | 48,9 mg |
| Фолат (калциум L-5-метилтетрахидрофолат) | 600,0 µg | 300 | 26,7 mg |

*НРВ – нутритивна референта вредност

**Состојки**: сорбитол (засладувач), магнезиум оксид, лимонска киселина, арома на вишна, микрокапсулиран менакинон МК-7, холекалциферол, пиридоксин хидрохлорид, тиамин хидрохлорид, калциум-Л-5 метилтетрахидрофолат.

**Изглед на граничен производ и пакување**

Прашок за директна перорална употреба, 14 кесички

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Бул. Кочо Рацин 14, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

**Производител:**
Phytonet doo Stevana Opacica 4/4 Rakovica 11090 Beograd за Galenika a.d. Београд, Р. Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ *